ХУЛИЈАН
КАРОН

# РАЗБУДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКОТО

*Размислување во едно замаено време*

Хулијан Карон

# Разбудување на човечкото

Размислување во едно замаено време

Составено од Алберто Саворана

© 2020 Движење Comunione e Liberazione
Италијанско издавање: BUR Rizzoli, Милано,
април 2020г. (е-книга), јуни 2020г. (меки корици).

# Разбудување на човечкото

*Во текот на последните недели вонредната здравствена состојба предизвикана од COVID-19, стана заедничко искуство. На сите по еден или дург начин не засега. Парадоксалната ситуацијата со изолацијата во која се најдовме стана причина за еден диалог од далечина.*

*Секој по еден или друг начин се обидува да се усогласи со овој неочекуван факт кој навлезе во нашиот секојдневен живот, наметнувајќи драстична промена во нашиот стил на живот и предизвикувајќи итни прашања кои не треба да ги игнорираме. Кои одговори се на висината на ситуацијата?*

*Отец Хулијан Карон, претцедател на Движението Comunione e Liberazione (Заедништво и Ослободување), ги сваќа овие прашањата на сите нас и преку овој текст ни ја нуди неговата помош за заедничко размислување.*

*Што навистина се случува?*

Се наоѓаме пред еден предизвик кој досега нашата генерација не го видела. Тоа добро го синтетизира во *El País* шпанскиот поет Хулио Ламазарес (Julio Llamazares): „Денес полнам 65 години, во еден проблематичен момент што некогаш сум имал“.[1]

Ситуацијата во која живееме нѐ тера да сфатиме дека во овие години до одредена степен сме живееле какво во една балон, кој не тераше да се чувствуваме доволно заштитени од ударите на животот. И така занесени продолживме, мислејќи си дека сѐ е под наша контрола. Но, ситуацијата

[1] Весник *El País*, 28 март 2020 г.

ни ги разруши нашите планови и под хитно не повикаа да одговориме, да го сфатиме сериозно нашето „јас“, да се запрашаме за нашата реална егзистенцијална состојба. Деновиве реалноста го разниша нашето малку или повеќе мирно секојдневие во лицето на Ковид-19, новиот вирус, кој предизвика меѓународна вонредна здравствена состојба.

Реалноста од која често сакаме да избегаме, за да дишаме, бидејќи сме неспособни да сме сами со себе, овој пат беше немилостлива, принудувајќи поголем дел од нас да останеме дома, да застанеме. И во оваа самоизолација пред нашите очи се појави – можеби за прв пат на ваков очевиден и разпространет начин – нашата суштинска ситуација. Пред некоја година прочитав во еден американски весник за еден затвореник кој бил принуден да плати со лишавање со години од слобода и на крајот не можел да избегне, а да не застане и да се замисли: „*stop and think*“ (Застани и помисли). И ние исто сме свикнати да бегаме по милион начини од нас самите и од длабокиот повик за работите, та во оваа време и ние немавме можност да избеаме и да не застанеме и да размислиме.

*Кој или што го пукна тој „балон“ на еден живот под контрола?*

Неочекуваното и непредвидливо влетување во реалноста преку лицето на Корона вирусот. По влијателен начин го опишува тоа шпанскиот автор на романи Хосе Анхел Гонзалес Сајнс (José Ángel González Sainz): „Во животот на една држава или човек, има моменти во кои реалноста, најконкретната и објективна реалност, најсуровата и најмалку зачинета со зачини или од готвачи кои свикнале да готват менталитет и истории, да влетат неочекувано со стравотна сила нешто со што не бевме свикнали. Реалноста не станува ставарност во тој момент, а секогаш е била реална, беше таму уште во почетокот, но нејзината најголема лекост ни дозволи да не ја гледаме постојано лице во лице, беше доволно да го направиме само со аголот на нашето око и да се концентрираме на тоа колку бајки и илузии ни беа сервирани, која од која понепријатна и поголема измама. […] Кога она што седи во една реална и неспорна основа на работите, која што сè држи, одеднаш се распрснува и раширува бегајќи од контролата – или од

замајаноста – од измамничкиот дел на нашиот живот, визијата за оваа илузија во која што живеевме и од која ја пре-ценувавме реалноста, трепери. Тоа е она што се случува сега насекаде“.

Тоа што ни се случува е како прилили-вен бран, ерупција на вулкан, која не затекна неподготвени. Гонзалес Сајнс продолжува понатаму откривајќи го мо-тивот на таквата слабост: „Навиката да ги заменуваме работите и фактите со нивната стратешка измамничка употре-ба, реалноста со идеологија, вистината со неказливост на измамата и суштината со баналноста, не става во најлоша по-ложба, да се соочиме со една вистинска одмазда на реалноста“.[2] Реалноста се побуни против нејзиното непризнавање, таа одеднаш ја презеде својата „основ-на“ улога. Како што и пишува Фернан-до де Аро (Fernando De Haro) еден мој пријател новинар од шпанското радио, кој му дава одглас на гореспоменатиот писател: „Реалноста […] беше таму, но ние не ја видовме. Сега силно не зафати. […] Реалноста влезе без да бара дозво-ла. […] Сега она од што имаме потреба е

[2] Весник *El Mundo Viernes*, 20 март 2020 г.

да направиме „недра на реалноста, срце на умот“ (Х.А. Гонзалес Сајнс) (J.A. González Sainz)“.[3]

*Но, што тоа значи „да направиме „недра на реалноста, срце на умот“ “?*

Значи дека тој силен изблик на реалноста одново ја натера да излезе, со сета своја сила, потреба да разбираме, и која ја нарекуваме „разум“. Понекогаш поради тешкотиите во животот или поради мрза, го стоприаме патот на идејата и застануваме на привидноста, на површината оставаме нешта, како целиот свет да свршува, со едни заучени фрази, кои ги дишаме ии во она што го гледаме преку клучалката на нашата рационалистичка мерка: тесна мерка, многу мала па и на крајот на краиштата што не задушува (а точно задушувањето е сијаличката што светнува дека сме се оставиле на привидноста). Само досегот – прифатен – со реалноста може одново да го отвори широко разумот. Тоа секогаш е контраудар, еден погодок, кое

[3] *ilsussidiario.net*, 24 март 2020.

што прави така да нашите очи се отворат: разумот, со неговото појавување и развој, вклучува и една почетна ефективна димензија. Колку повеќе една реалност не погодува и не интересира, толку повеќе погледот на разумот се отвара, се протегнува, се изострува, не се задоволува со ефтини решенија. Работите го откриват својот смисол и своето богатство од значења само преку еден ефетивно активен разум. Чуството, што реалноста го предизвикува (возхит, страв, љубопитност), е основен фактор за визијата, то е „леќата“ која го доближува објектот. Тоа е тоа.

Она што се случи, шот го разбуди нашето внимание, раздвижувајќи го нашиот разум, носејќи не до признавање, над удобните шеми, дека „има многу работи на земјата и небото, Хорациј, кои човечката мудрост не ги ни сонила“, кажано со зборовите на Шекспир.[4] Во овој момент разумот одново доаѓа на виделина, односно како „особено појава во природата, во која таа се покажува како оперативна потребност за објаснувањето на реланоста во *сите нејзини фактори*, така што чо-

[4] *Хамлет*, чин I, сцена V.

векот да ја запознае вистинскта суштина на работите“.[5]

Сега разбравме зошто сме во овој балон. Од многу време можеби можевме да си дозволиме да дезертираме од досегот на реалноста – која пак никогаш не престана да се случува и да ни бара објаснување – не се оставивме да бидеме предизвикани од неа, поверувавме дека сме ја опитомиле, заштитени од една привилигирана човечка состојба. „Човек, кој што ретко се е соочувал со реалноста, затоа што например е требало да преживее помалку тешкотии во животот, ќе има слабо чуство за самосознавање и послабо ќе ја чуствува силата и вибрацијата на својот разум“.[6] Денес не зборувам невозможностите – затоа што нема ништо механично во човечкото искуство – но со сигурност неверојатно е тешко да нè помине ударот на реалноста, која станала така неумолива и драматично предизвикувачка. Во секој случај на секој на кој ќе му се размине предизвикот на реалното, на случувањата, нема да може да ја почуствува докрај онаа неизкажана вибра-

[5] Л. Џузани, *Религиозното чуство*, стр. 133-134.

[6] *Пак таму*, стр. 139.

ција на разумот и на срцето, која не прави луѓе. И во последните недели видовме дека се случуваат во изобилство знаците на точно таа човечност, кои не исполнија со благодарност и восхит.

*Што мислиш под „неизкажлива вибрација на разумот“?*

Прашањата со кои сите ние бевме нападнати. Предизвикот што реалноста ни го испрати и не „принуди“ подлабоко да погледнеме на нашето постоење како луѓе. Бевме разделени од нашата комфортна зона во која живеевме така пријатно, и нападнати со прашања, кои обично малко или многу со намера ги избегнувавме или заборававме во секојдневието. На тоа наблега Умберто Галимберти, одговарајќи на една читателка: „Во необичајната положба во која се најдовме под влијанието на прекратувањето на нашето секојдневие во оваа состојба на збунетост, не е ли моментот да се обрнеме кон нашата внатрешност, која обично ја избегнуваме, за да разбереме кои сме? Со што се занимаваме во светот? Каков е смислот на нашиот живот? […] Овие размислувања

би биле навистина чекор напред, за да бидеме навистина луѓе затоа што да живееш без твое знаење, не е точно најдоброто за твојата сопствена самореализација и за наоѓањето на смислот на сопственото постоење“.[7] Секоја криза, секој длабок удар на реалноста, како што не учи Хана Аренд, „не принудува да се навратиме одново кон прашањата“,[8] не тера да излезе она наше ЈАС во целата негова потребност од значење, не тера да викнеме: „Зошто?“.

*Тоа се прашања кои што не вознемируват, загрижуват и терат да мислиме за она што сме го пропуштиле ...*

Тоа се прашањата на разумот кои одат заедно со духовниот пат на човекот, доколку е создание што се познава себе си. Тие го покажуваат радикалното и неисцрпното барање на смислата на ЈАС пред тоа што се случува – реалноста, болката, смртта – а во истото време длабокото совпаѓање на рационалноста и религиозноста. Совпаѓање кое би можело да го изненада на

[7] Весник *la Repubblica*, 21 март 2020 г.

[8] H. Arendt, *Tra passato e futuro*, Garzanti, Milano 1991, p. 229.

оној кој има навика во нашата култура да ја сведува религиозноста до чуство, до *feeling*. Појавувањето на овие прашања (Што значи постоењето? Зошто има болка, смрт? Зошто на крајот на краиштата вреди да живееме? Од што и за што е создадена реалноста?) го изрзува признавањето на разумот и онаа, која јас ја сметам за вистинска, неизбежна религиозност на човекот.

*Што му беше разкриено на разумот во сегашната ситуација?*

Една духовна слабост – случајна или привремена – која се појавила во нејзината полна драматичност. За неа многумина напишаа овие денови. Би сакал да цитирам двајца мои многу драги пријатели – Пилар Раола и Педро Г. Куартанго, познати интелектуалци, соодветно од Барселона и Мадрид, кои се соочија со пандемијата, која ја стави на колена и мојата родна земја.

Раола вели: „Шокот од оваа пандемија ќе не натера да се почуствуваме на пример многу поранливи и најпосле убедени дека нашиот модел на живот, но и самиот живот се неверојатно слаби. Еден пример за слабост која можеби била присутна во це-

лата историја на човекот, но која сакаме во овие времиња на развиена технологија да ја заборавиме. Еден обичен грипен вирус, и одеднаш хаос во светот ... Да, безсомнение ќе се вратиме осознавајќи ја повеќе нашата слаба точка“.[9] Дека сме кревки не е нешто ново, тоа е една состојба која ни е лепната уште од раѓање, но во време на развојот на технологиите, во кое сè изгледа дека е во нашите раце, го бевме на некој начин заборавиле тоа, оставиле настрана, губејќи го разбирањето за тоа што сме. Имено експолозивноста на реалноста ни го врати сознанието за нешто кое, како што гледаме, е очевидно но не отплатено. „Оваа чума – наблегнува Педро Г. Куартанго – не тера да ја разбереме слабоста на нашите човечки суштества и нивната длабока неважност пред природните сили, кои ние не ги контролираме. Да не ја заборавуваме оваа лекција за тоа кои сме“.[10]

Во тој смисол ја наоѓам следната проценка на Жан-Пјер ле Гоф во *Фигаро*: „Треба да се сообразиме со трагичноста и одново сме поставени пред границите на наша-

[9] Весник *La Vanguardia*, 26 март 2020 г.

[10] *ABC*, 24 март 2020 г.

та состојба, пред „слабоста на човечките нешта“ […]. Ова несигурно време може да биде повод одново да се фокусираме врз битното, да пробаме да го разбереме предизвикот на нашето време. […] Преломот кој епидемијата ни го нанесе […] ги оспорува идеите и претставите, кои навидум изгледаа добро врзани […]. Модерниот живот како напротив да е структуриран на идејата на Паскал, според која „целата несреќа на човекот произлегува од неговата неспособност да седи во собата сам“.[…] Епидемијата не задолжува да се сообразиме со трагичноста на историјата без предтекст. […] Секој од нас од ова треба да ги научи потребните животни лекции“.[11]

*Обновеното искуство со нашата слабост не обединува на сите ...*

Да, го видовме тоа и по телевезиите во цел свет – папа Франциск на еден пуст плоштад „Св. Петар“ во петок вечерта на 27 март – по начин и сила кои што нѐ оставија на сите без зборови: „Сфативме дека се наоѓаме

[11] Превод објавен во весник *Il Foglio*, 30 март 2020.

во една и иста лотка сите слаби и дезориентирани [...]. Бурата ја тргна маската на нашата ранливост и ја оголи оваа лажна и безпотребна увереност со која ги планиравме нашите агенди, нашите планови, нашите навици и приоритети. Ни покажува како го оставивме да спие и го напуштивме она што го подхранува, подкрепува и дава сила на нашиот живот и на нашата заедница. Бурата ги стави на виделина сите наши предлози да го „архивираме“ и да го забравиме она што ја хранело душата на нашите народи; сите оние проби за заборав со навидум „спасувачки“ навики, неспособни да се повикаме на нашите корени и да го предизвикаме споменот за нашите возрасни, лишувајќи се така от потребниот имунитет, за да се спротиставиме со оваа непогода. Со бурата падна и шминката на оние стереотипи со кои го бевме маскирале нашето „его“, секогаш загрижени за нашиот личен имиџ“. И во истата лотка Франциск не стави и нас, кои бевме погодени од бурата, заедо со целото човечко семејство и со Творението: „Не застанавме пред Твојот повик, не се разбудивме пред војните и планетарните неправди, не го чувме викот на сиромасите и на нашата тешко болна планета. Продолживме напред без страв, ми-

слејќи дека секогаш ќе сме здрави во еден волен свет. Сега, додека сме во разбранетото море, Те молиме: „Учителе стани!““.[12]

*А што добиваме од тоа да разбереме дека сме слаби, дека сме ранливи? Зошто ни е?*

Да не извади од вкочанетоста во која обично живееме, да не раскине со расејаноста, на која често ѝ се оддаваме, без да знаеме како да ја стопираме оваа глупост кој многупати не обзема: „И сѐ заговара да замолчи за нас, малку како кога се премолчува, срамот и можеби како да се премолчува необјаслива надеж“.[13] Но, не се работи само за тоа да разбереме дека сме слаби („Далеку си од своите корени, слаби и самотни листе, каде одиш?“,[14] вели Леопарди). Самото разбирање на нашата кревкост, навистина води кон себе, како свој услов, големината на човечкото, „вечната мистерија на нашето постоење“. „Човечка природо, штом

[12] Папа Франциск, *Вонреден молитвен момент*, 27 март 2020 г.

[13] Види R.M. Rilke, «Elegia II», vv. 42-44, in Id., *Elegie duinesi*, Einaudi, Torino 1978, p. 13.

[14] Џ. Леопарди, «Imitazione», vv. 1-3, in Id., *Cara beltà...*, BUR, Milano 2010, p. 113.

си слаба и ништожна во сè биди, штом си сенка и прашина, како тогаш возвишеното го осеќаш?“.[15] Обвинета во ограниченост, во несовршност, чуство за трагичност го вклучува во оваа безкрајност на желбата кое не определува како човеци, дури пред ние да го разбереме. „Мислата за безкраен број на светови и безкрајна вселена и потоа да почуствуваш дека нашиот дух и желби можат да бидат уште поголеми од една таква вселена ...“.[16] Но, ова величие е и исто така сообразувањето со нашето небитие: не се создаваме сами, ниту пак сами си го наоѓаме нашето битие. Длабоко во нас царува една зависност. Денес на особен начин ја имаме можноста да го разбереме това.

*Дали некогаш си забележал некој знак за таквиот „бунт“ на сознанието?*

Да, и не само помеѓу познати личности и писатели од кои е нормално да го очекуваш.

[15] Џ. Леопарди, «Sopra il ritratto di una bella donna scolpito nel monumento sepolcrale della medesima», XXXI, vv. 22-23, 49-51, in *Ibidem*, pp. 96-97.

[16] Џ. Леопарди, «Pensieri», LXVIII, in *Poesie e prose*, Mondadori, Milano 1988, vol. II, p. 321.

Ми велеше еден пензиониран професор, дел од иницијативата за помош во обучувањето на млади странци: „Денес една зрак светлина меѓу сите позагрижувачки вести за Корона вирусот. Со некои наши студенти од *Портофранко*, оние кои сакаат се разбира, се поврзуваме преку видео со оние кои се запишани на курс по италијански кај нас. Тоа се млади луѓе, момчиња и девојки од странство, египјани, мароканци...“ од различни религии, дури и муслимани. „Зборуваме за тоа како ја живееме оваа ситуација: страв, грижи, затворените универзитети. Во еден момент еден од нив вели дека оваа искуство наблега на ограниченоста на човекот и настана дијалог на темата. Дијалог кој истакана определена разлика во однос ао тоа кој е Бог, но во исто време излезе дека она што не обединува е барањето на смислата во оваа драма и прашањето зошто е овој предизвик за секој. Еден силен дијалог без предрасуди како едните ги разбират објаснувањата на другите. Слободен дијалог меѓу луѓе, кои сериозно го сваќат она што ни се случува и го сфаќат како проверка на она што вреди во животот“.[17]

[17] Писма, «*Ние со сите делиме едно исто прашање*», clonline.org, 24 март 2020 г.

Живееме – за контраст – обично широки исечоци од нашето постоење со сменено лице од нас самите, поставувајќи ја под карантина нашата положба како луѓе. И тоа не тера да останеме како под анестезија. Затоа Ламасарес отбележува: „Ако оваа здравствена катастрофа треба да не научи на нешто, тоа е за да не подсети за слабоста на сѐ, нешто кое ќе забравивме одма штом поминат неколку години подред на мир и благодат“.[18]

*Кои се последиците от вкочанетоста?*

Не остава бесзаштитени пред непредвидливостите на животот. Како што и пишува Гонзалес Сајнз, „кога најсуровата и реална објективност брутално навлегува како сега, кога растојанието помеѓу фактите и разказите, помеѓу имињата на објектите и објектите на имињата е сведено до минимум, сите симулантски илузии, целата пеколна машина на лагите и на лицемериeто и целото бекорисно игнорирање и невнимателноста, на тврдото сфаќање на реалноста и нејзината контрола и поефи-

[18] Весник *El País*, 28 март 2020 г.

ксаното навремено и реално плодоносно раководење се најлошите оружја за да се справиме со неа. Реалноста не снајде неподготвени во сè, невооружени и заложници на најконтрапродуктивните умствени навици“.[19]

*„Најсуровата и реална објективност навлегува брутално...“ тоа се мрачни зборови ...*

Реалноста не нè остава. Како што пишува Паоло Миели на 3 април, „во светот веќе стигнавме до еден милион на заразени. Еден милион и веќе знаеме дека тоа не е крајот. Половина од населението на Земјата е затворено дома. Италија го држи рекордот по број на загинати (13 915). Одма по неа е Шпанија, која го помина прагот од 10 000. Во Болоња умре првиот затвореник, кој беше примен во болница. Во Кина беа регистрирани бунтови на мостот на Сината река со полицајци од провинцијата Sјанси, решени да го спречат преминувањето на патници кои патуваат од Хубеј, каде пред

[19] Весник *El Mundo Viernes*, 20 март 2020 г.

некој ден објавија крај на блокадата. Во исто време беше ставен под карантина цел еден округ од провинцијата Ханан, кој граничи со самата провинција Хубеј. Во Хонконг започна втората карантина, бидејќи вирусот одново се појави поради (барем така велат официјалните извори) непочитување на безопасното растојание во ресторантите“.[20]

Со широката распространетост на вирусот ја чуствуваме реалноста како нешто друго, мрачна и глува во апсолутната нејзина различност: неумолива присутност од која зависиме. Се наметна над секое наше ограничување, предност на реалноста. Нејзината неразнишливост не проверува, не попушта врз нашето ЈАС. Со Ниче бевме убедени дека „не постојат факти, а само итерпретарции“.[21] Неговата сентенција, која многу години остана како неоспорлива вистина во ситуации како оваа одслабнува. Реалноста која по сѐ изгледаше дека е нешто надминето е тврдоглава и се враќа

[20] Весник *Corriere della Sera*, 3 април 2020 г.

[21] Види Ф. Ниче, *Frammenti postumi 1885-1887*, in Id., *Opere*, Adelphi, Milano 1975, vol. VIII, fr. 7 (60), p. 299.

на сцена, се враќа насилно под вратата. Пред нашите очи има нешто повеќе од интерпретација: има упорни факти кои сакаат да бидат забележани и исто така адекватно интерпретирани. На нахилизмот – барем во овој смисол – не му е оставена можноста за избор.

Тврдоглавоста на реалноста не ни остави мир и иако многупати би сакале да не гледаме, како кога пред неколку недели видовме како се нанижуваат камионите на војската, кои ги носеа нашите починати од Бергамо. Затоа не без причина Доменико Куирико прашува: „Но, да се прашуваш за смрта со достоинство, молчаливо, не е ли културна должност која оваа ситуација ни го наложува?“. [22]

Реалноста одново се појавува во целата нејзина мистериозоност. Ецио Мауро зборува за „тревогите, кои се раѓат од непознатото, во недостижна димензиија“,[23] спрема кои ја искупуваме ограниченоста на нашата способност за господство.

[22] Весник *La Stampa*, 5 април 2020 г.

[23] Весник *La Repubblica*, 11 март 2020 г.

*А кога се појави одново оваа мистериозност, реалноста влева страв ...*

Непријателот со кој се бориме не е само Корона вирусот, навистина, а имено стравот. Стравот кој секогаш го чуствуваме и кој сепак се појавува кога реалноста ја открива нашата суштинска безпомошност земајќи ја во повеќето случаи надмоќноста и не тера некогаш да реагираме по непристоен начин, одведувајќи не до таму да се затвориме, да изпаднеме во очај. Тоа го истакна и Илво Диаманти, секогаш внимателен кон интересите на нашето општество: „Живееме во „времето на стравот“.[…] Затоа што несигурноста, неувереноста ни прават друштво од многу години. Најверојатно од крај време […] Така стравот влезе во напите животи. Во нашиот свет. Многу пред да навлезе КОВИД […] Далеку од другите. Сè повеќе сами […] Ризикуваме да ја загубиме надежта. И самите себе“.[24] Но, да се предадеш на стравот не е единствениот излез.

[24] Весник *La Repubblica*, 9 март 2020 г.

*Што сакате да кажете?*

Во моменти како овие на показ излегува патот на пораснувањето, кој секој лично и заедо со другите го поминал, самосознанието кое што го добил, способноста или неспособноста да се справи со животот што му е даден. Нашите мали или големи идеологии, нашите верувања, дури и они религиозните се поставени под прашање. Обвивката на фалшивата сигурност си ги покажува своите пукнатини. Именно при случаи како овој во кој сме заглавени, разбираме дека „силата на едно лице е во интензитетот на неговото самосознавање т.е. на разбирањето кое го има за вредностите кои ја определуваат неговата личност“,[25] во јаснотата со која се гледа себеси и тоа за кое заслужува да се живее.

*Како и што означува да се држиш машки во оваа ситуација која сакале или не, нѐ засега на сите макар и по различни начини – некои на прва линија, борејќи се со болеста (пациенти, лекари, медицински*

[25] Л. Џусани, *Il senso di Dio e l'uomo moderno*, BUR, Milano 2010, p. 132.

*персонал), други осигурувајќи ги основните услуги (од продавачите во супермаркетите до полицијата), трети помагајќи таму каде што треба (доброволци, духовни лица и многу други), четврти затворени дома почитувајќи ги правилата за самоизолација и „социјална дистанца“?*

Има еден момент кој не обединува на сите, а тоа е спремноста да го прифатиш предизвикот кој реалноста ти го носи. Во кој и да е случај од наброените да се наоѓаме, каква и да ни е задачата која ни е дадена или која сме ја избрале да ја вршиме, тоа што се случува – т.е. делчето од реалност која не зафаќа и притиска – ни бара објаснување, не повикува да одговориме. Нема друго место во кое може да се случи нашиот живот како значење, како судбина; немаме друг начин да одиме кон нашата завршеност во ситуацијата во која се наоѓаме. Тоа, ќе си дозвwолам да кажам, важи за сите. Во најпозната книга на Дон Џузани „*Религиозното чуство*“ тој вели: „Единстен услов за тоа да бидеме секогаш и навистина религиозни е да непрестано и интензивно одново и одново ја живееме реалноста“.[26] Неговата

[26] Л. Џусани, *Il senso religioso*, op. cit., p. 150.

концепција за религиозност е подтик да ја познаеме секоја ситуација како повик односно како призив.

Ситуацијата, она што миг по миг не загрижува и не провоцира, е опишување до детал на една реалност која не ја создаваме ние, која нè препраќа, што се однесува до нејзиното основно потекло, кон нешто друго, над нас, поголемо од нас, кон овој почеток што нема крај, кое што ние – имено – го нарекуваме Тајна. Религиозноста се појавува како преживеана интуиција за Тајната, за оваа енигматична безизмерност во односите со секоја тешка положба од реалноста. Затоа, вели уште дон Џузани „да го живееме животот како призив, значи да се стремиме кон Тајната преку ситуациите низ кои Господ не тера да поминеме, одговарајќи на нив. […] Призивот е да одиме кон судбината, прегрнувајќи ги сите ситуации преку кои судбината не тера да преминеме."[27] Џузани беше свестен каква замајаност носи тоа во животот; „Човекот, рационалниот живот на човекот, би требало да зависи од мигот, да зависи во секој еден миг од овој знак кој навидум е толку

[27] Л. Џусани, *Realtà e giovinezza. La sfida*, Rizzoli, Milano 2018, p. 65.

променлив, толку случаен, како и ситуациите преку кои непознатиот „господар“ ме вовлекува во својот замисол, и ме приканува да го следам. Да кажеш „да“ во секој миг без да гледаш ништо, а само да се водиш спoед ситуацијата. Тоа е една позиција што те замајува“.[28] Тешко ми е да го најдам точниот израз за да ја опишам ситуацијата во која се наоѓаме, кога сме навистина исправени пред тоа што се случува: една замајана зависност „во секој еден момент от овој знак, кој навидум е толку променлив, толку случаен, како и ситуацијава“. И сепак – велам – тоа е единствениот рационален однос, затоа што имено преку оваа ситуација Тајната, оној „незнаен господар“ не вовлекува не провокира кон неговиот мистериозен план т.е. кон исполнувањето на животот.

*Често ја чуствуваме ситуацијата, некои ситуации, експлузивно како пречка за реализација на нас самите...*

Тоа е една постојана тема. Денес е изолацијата заради Корона вирусот или ситуа-

[28] Л. Џусани, *Il senso religioso*, op. cit., p. 189.

цијата која може да се стане уште потешка и ангажирана, утре може да биде потешкотија во студирањето; или во работата која ја вршиме, но не ни е по кејф; или безуспешност таму каде што сме се надевале на успех; несподелена љубов; пријател или колега натрапник; болест: сè нешто ќе има кое да ни биде пречка во реализацијата на нашиот живот, а точно тоа е – замајаноста, драматичното – местото на кое се одвива исполнувањето на нашиот живот, нашите лични односи со Тајната. Тоа е би рекол речиси едно објективно прашање, а не избор. Изборот се однесува на признавањето или непризнавањето на тоа.

*Што би можело да не подржи во оваа „замајаност“?*

Човечкото пријателство. Поточно едно точна човечко пријателство. Овој одговор нè води кон внимателно пресејуване на нашиот социјален живот, за да разбереме кој ни е од помош и кој не разсејува во однос на ова замајаност. Изолацијата е парадоксален повод да разбереме кое е пријателството кое длабоко го крепи нашето постоење. Имам во предвид фиктивно

пријателство, несогласно со животот, кое да ги ублажи прашањата што се будат во нас, а односно кое не подржува во тоа да го гледаме во лицето без да бегаме.

Од ова гледна точка секое пријателство е под прашање. Христијанско или светско, она од училиште или универзитет, со друштвото од кафулето, со колегите, со семејството итн. Колку пати правиме компромис со нашата потребност и го спуштаме гардот, задоволувајќи се со еден круг на пријатели кој да не пази од ударот на работите, кое да ни го заштеди предизвикот на ситуацијата, наместо да не подтикне да го изживееме! Но, едно такво пријателство не може да биде на висината на драмата: во моменти како овие низ кои преминуваме во кои неодложноста на животот станува неизбежен и моќен станува очевидно повеќе од секогаш.

*Ако стравот не обземе, што би можело да го победи?*

Можеби наједноставното искуство со кое располагаме по ова прашање е она на детето. Со што се победува стравот кај децата? Присуството на мајката. Овој „метод“ важи

за сите. Тоа е присуство, а не некои наши стратегии, нашата интелигенција, нашата смелост, тоа што го мобилизира и подкрепува животот на секој од нас. Присуството, меморијата што дејствува во него.

Антонио Полито наблегнува на значењето на метафората со мајката и детето точно како одговор на стравот од Корона вирусот: „Гледам потреба да се довериме во нешто поголемо од нас, кое нè сака безкрајно и секако нè штити. Точно како што правевме од мали нозе“; и нè препраќа кон уметничкиот образ на Света Богородица на Милосрдието, која „ја шири наметката и ги закрилува на луѓето“.[29]

*А кога стравот е оној од мракот на смртта?*

Динамиката не може да не биде иста, затоа што луѓето имат свои закони. Но, пред длабокиот страв, оној кој што не зграпчува длабоко во нас и кој се обидуваме да го изгониме по можност најдалеку (стравот од смртта и од секој нејзин одраз во живо-

[29] Списание «Tracce-Litterae communionis», бр. 4/2020, стр. 15.

тот), треба да се запрашаме кое присуство е во состојба да го победи. Не секое присуство. Затоа Бог стана човек, се претвори во историско присуство, телесен, блиско присуство, сопатник. Само Богот, кој влегува во историјата како Човек, може да го победи длабокиот страв, бидејќи е сведок (и сведочи) за животот на Неговите ученици и како што разкажува. За да ја споделиме нашата човечка мака, Бог стана човек, „Човек на име Исус од Назарет, син на Марија, кој […] оној пат во Наин кога видол една мајка, вдовица која ја придржувала до гробот поворката со нејзиниот мртов син, бил опфанет од изблик на емоција и кога се доближил ставил рака на рамото на жената и ѝ рекол: „Жено не плачи!“, со малку незгодност. И потоа го воскреснал нејзиниот син. Но, како можеш да кажеш на една жена вдовица чиј син е мртов: „Не плачи“? Апсурдно е. И сепак точно оваа незгодност ги оставила на луѓето со широко отворена уста“.[30] Кој знае како се почуствувала оваа жена, опсипана со прегратката што ги наминала

[30] Л. Џусани, С. Алберто, Ј. Праде, *Generare tracce nella storia del mondo*, BUR, Milano 2019, p. 58. превод наш.

сите човечки чуства и ѝ дала одново надеж! Оваа смрт не била крајот на сѐ, оваа мајка вдовица не била осудена да остане сама, затоа што семето на воскресението присуствувало во овој Човек, кој ѝ ги рекол овие неслушнати зборови и кој одма после тоа ѝ го вратил синот жив.

*Каков е тогаш одговорот на христијанството на драмата на човекот, на драмата на осаменоста, на болката, болеста, одговорот на ситуациите кои немат одговор, како многу од овие кои што видовме да се случуват во многукратно овие денови?*

По ова прашање Пол Клодел има еден жежка забележка: „Едно прашање се јавува одово и одново во душата на болниот: „Зошто? Зошто баш мен? Зошто треба да страдам?“ [...]. На ова ужасно прашање, најдревното во човештвото, на кој Јов му ја даде речиси и официјалната и литугична форма, само Бог директно разпрашан и приведен под одговорност беше во состојба да одговори, а темата беше толку огромна што единствено Словото можеше да се зафати со него, предоставувајќи не

објаснување, а присутност според овие зборови од Евангелието: „Јас не дојдов да објаснувам, да разсејувам сомненија со објаснување, а да ја исполнам или поточно да ја заменам со Моето присуство самата потреба од објаснение“. Божијот Син не дојде да го уништи страданието, а да страда со нас“.[31]

Бог не дал одговор на проблемот во животот, на осаменоста, на страдањето со едно објаснување, а со Неговото присуство: дојде во светот за да нѐ придружи да го изживееме, стана пријател на човекот, во каква и да било ситуација, за да може човекот да се справи со неа, да премине низ неа со една последна неразрушлива позитивност. Како што вели и Бенедикт XVI во една негова многу позната пороповед, „само овој Бог не спасува од стравот во светот и од немирот пред празнината на спственото постоење. Само кога гледаме кон Исус Христос нашата радост во Бога ја достига својата исполнетост, стнува искупена радост“.[32]

[31] П. Клодел *Toi, qui es-tu?*, Gallimard, Paris 1936, pp. 112-113; превод наш.

[32] Бенедикт XVI, *Проповед*, Регенсбург, 12 септември 2006 г.

## *Ти зборуваш за „неразрушлива позитивност“ ... Како е тоа можно?*

Можам да ја замислам радоста на онаа вдовица кога видела дека и го враќат жив нејзиниот единствен син; но син кој одново ќе умре, денес или утре, како и впрочем таа. Проблемот одново ќе се појави. Во тој случај си мислам за испитувањето на св.Павле кога бил во Рим во окови и ја чекал присудата која би можеа да значи негова смрт, исполнет со благодарност и радост, пишува на Филипјаните – кои ги „носел на срце“ и кои „многу ги љубел“ – зборови кои на многумина би им звучеле абсурдни: „За мене животот е Христос, а смртта добивка“. Дали е можно? Тој го видел на Исус жив, воскреснат, дефинитивно ја победил смртта: од таму се раѓа неговата увереност, неговата радост, неговиот начин да ја преживеe оваа ситуација како секој миг од неговото постоење („било преку живот, било преку смрт“). Сѐ се определувало од односите со тоа присуство. Сега – го велам ова мислејќи за она што се случува во овие денови, кое ги зафати на многу христијани – Христос не ја анулира драмата и болката од разделата со нашите блиски, а ни дава друг можен начин да го преживееме и да се

исправиме пред смрта во која не доминира ништо, а само увереноста во Неговото победоносно присуство, во една безкрајна прегратка и затоа во исполнувањето на животот на крајните односи со Него. Тоа може да биде така само за оној кој видол да се појавуваат во неговото искуство знаци на тоа исполнување и да расте желбата над сите други, тоа – вели св. Павле – да „бидам со Христа затоа што тоа е многу подобро“.[33] Не поради омаловажување, а имено од љубов кон живото која бара вечност.

*Но, како може денес човек, со сето она што го гледа да се случува, обземен од менталитетот кој го дишаме, да ја признае вистината на овие тврдења?*

Овие тврдења ќе бидат вистинити, само ако видиме тука и сега луѓе во кои е докажана победата на Бог над стравот и смртта, Неговото реално и современо присуство, а поточно еден нов начин да излеземе во пресрет на ситуацијата исполнет со обично непознати надеж и радост и во истото време насочен во нескротена дејност.

[33] Фил. 1, 21-23.

Наместо од секакви смирувачки зборови или морална рецепти, она од што имаме потреба е именно да се сретнеме со луѓе во кои можеме да го видиме воплотеното искуство со таа победа, со една прегратка која да дозволи да се исправиме пред раната на страдањето, на болката, во кои се сведочи постоењето на смисол пропорционален на предизвикот да живееш.

*Има ли такви луѓе?*

Има и оште како! Во моменти како сегашниот е дури попотребно да ги најдеме заради различноста во која живеат, надешта која ја носат. Заедно со нив таму каде што ќе ги откиреме ќе можеме полесно одново да тргнеме, да се исправиме после паѓањата, обновувајќи парче по парче еден социјален заплет каде рокадата и страво да го немат последниот збор.

Гледам многу такви исто меѓу докторите и медицинските лица. Тие се навистина „пријателско“ присуство кое ни сведочи за еден можен пат; тие се присуството кое не сме го палнирале ние, толку се исключителни – макар и во случаите на сите – дека не остават без зборови, молчаливи. Како

личноста која го напишал писмото кое сега ќе ви го цитирам. Се замислив дали да го објавам овде затоа што содржи пренасочување кое се однесува на мене, но ми се чини дека сепак заслужува.

„Неочекувано бев катапулирана во ров. Како да си во војна. Моето професионално и семејно секојдневие за еден ден се променија. Како лекар, како мајка, како сопруга излезе дека спијам во изолација од мојот сопруг, не се гледам со моите деца од две недели и дека не можам да имам директен контакт со пациентите. Меѓу мене и моите болни е маската, шлемот и нивниот скафандер. Во повеќето случаи се стари кои го преживуваат овој момент сами. Се плашат. Умират сами. А роднините седат изолирани дома и не можат да помогнат на нивните близки и добиват јавувања преку ноќта во кои им соопштувам за смртта на нивен близок: меѓу мене и нив е телефонот. Што можам јас за нив како човек да направам, како христијанка? Влегувам во одделението, барам насмевка и прегратка од една медицинска сестра, моја пријателка: во овој период на изолзција имам потреба исто така да се почуствувам физички со пријатели. И можам да ги прегрнам само нив. Пред сè ми дава подкрепа одново

и одново да го читам писмото на Карон до вестникот *Corriere della Sera*,[34] кое ми помага да застанам одново на позицијата на отвореност, да се прашам што на крајот на краиштата е она што ме води. Повикана сум да го познаам најбитното, вистинското. А и напредокот по текстот во Училиштето на Движението [постојаната веронаука во Движението *Comunione e Liberazione*; *з.п.*]: доказот е начинот по кој верата може да порасне, ако слободата е проиграна пред предпочитањето кое сака сè од нас. А тоа е замајаност. Ние треба да имаме доверба и да ризикуваме. Увереноста која го крепи нашиот живот е врска и има пат за одење додека стигнеме до она афективна увереност. Ситуациите ни се дадени за да се приврзаме повеќе кон Него, Тој не повикува на таен начин. Верата е да се довериш дека Тој те прозива. „Само кога доминира основната надеж ние сме во состојба да се соочиме со ситуациите, без да бегаме.“ Повикани сме повеќе од секогаш да одговориме на Него, Кој не повикува на таен начин. Точно таа увереност можам да им ја дадам

[34] «Ете како во тешкотите се научивме да се бориме со стравот», *Corriere della Sera*, 1 март 2020 г, стр. 32.

на моите болни, на роднините, освен тоа да ги лекувам.“

Тие се присуството што дава увереност, основната надеж за секого кој ќе го сретнат по патот и можат да ја предадат само затоа што ја живеат.

*Воопшто не се доволни само „христијански“ зборови...*

Само сведочењето, документирањето на човечката различност која се раѓа од разпознатата и преживеана христијанска средба е потребна. И не можеме да „измислуваме“ сведоци, можеме само да известиме, да понудиме на другите тоа што сме го преживеале како личен пат. Скоро зборував со една жена чиј маж бил позитивен на Корона вирусот. Не можела да го посети, не можела да биде со него дури ни една минута. Освен тоа имале мало девојче. Ми велеше: „Гледаш ли? Во овој момент би сакала да му дадам помош, да бидам близу до него, а еве ме овде заглавена со мојата ќерка“. Пробав да и кажам: „Потребно е и ти да прифатиш да одговориш на ситуациите како што твојот сопруг се обидува да направи спрема реланоста која

треба да ја преброди. Во противен случај, ако ти не го изминеш патот, ако не ги преживееш ти односите со Присуството кое го победува на стравот, кога ќе му се јавиш преку *FaceTime* за да ја види вашата ќерка и тебе како ќе му помогнеш? Ти можеш да соработуваш со неговата усрдност, да му предложиш принос, додека страда во болницата со Корона вирусот, само ако одиш по твојот пат: макар да нема да му кажеш и збор, во твоето лице ќе може тогаш да ја види надежта која би му дала сила“.

*Што предизвикуват во тебе луѓето кои како што се вели се наоѓат на прва линија во битката со Корона вирусот, кои секојдневно ризикуваат?*

Овие недели бев сведок на една појавата на великодушност, всеодавање и грижа кои длабоко ми оставија впечаток. Тоа што го чуствувам е безкрајна благодарност кон оние кои ризикувајќи го сопствениот живот ја делат потребата на своите браќа.

„Кога ги гледаме другите кои се полошо од нас, чуствуваме потик да им помогнеме со нешто наше. Оваа потребност е толку

првобитна, толку природна што е во нас уште пред да го разбереме тоа и ние ја нарекуваме со причина „закон на постоењето“. […] Да се интересираме од другите, да се посветиме на другите нè тера да го исполниме врховниот, дури единствен човечки долг кој е да се реализираме, да се исполниме“.[35] Христијанската средба има за цел да го подкрепи и да го прави сè попостабилен и вистински оној човечки стремеж, што ја облагородува човечноста на човекот, за да може животот да стане во секој негов израз на „милосрдието“, впечатлив и безплатен дар.

*Овој период на принудена самотност во оваа „ситуација“ не е ли пречка за христијанското искуство за кое што зборуваше? „Социјалната дистанца“ наметнува една дистанца и од тоа „присуство“ за кое споменавте пред малку, едно слабеење на споделувањето, на пријателството ...*

Напротив, може да биде еден голем повод за да го задлобочиме христијанското иску-

[35] Л. Џусани, *Il senso della caritativa* in Pubblicazioni, clonline.org, pp. 5-6.

ство, за да прасне верата т.е. за откривање на содржината на проведената средба, на корените на тоа друштво кое сме го започнале да го преживуваме како место каде се раѓаме самите ние, нашата сопствена издржливост. Ако не е случи тоа откривање останувамe на површината ризикуваме да го редуцираме социјалниот христијански настан, да го лишиме пријателството од вистинскиот негов смисол. Ќе се обидам да го објаснам со еден момент. Еден мој млад пријател дипломираше и започна нов живот. Поради тоа не можевме повеќе да се гледаме толку колку што се гледавме додека студираше. По едно време почна да ми се жали од тоа. Го потсетив на еден дел од Евангелието. Еден ден учениците се нашле во лотка со Исус и забележале дека заборавиле да земат леб. Иако биле сведоци на две големи како замоци чуда – две умножувања на леб, како што досега не се биле случиле во историјата – започнале да се карат помеѓу себе зошто ги заборавиле лебовите. Така му обрнав внимание на мојот пријател, дека Исус бил таму, до нив, во лотката! А тие продолжувале да се жалат! Проблемот не бил дека се сами, а затоа што Исус бил со нив, но за нив било како да го нема. И навистина се карале по-

меѓу себе, дека немаат леб! За да покаже каде е проблемот Исус не направил уште едно чудо. Зошто би им било уште едно чудо по сите досега кои веќе ги виделе? Каков допринос дал тогаш Исус? Им поставил три прашања. Првиот: „Колку леб останало од првото умножување?“ А потоа: „Колку леб останало од второто?“. И третото „Па како тогаш не разбирате?“.[36] Колку е ценет приносот кој Исус го дава на своите пријатели без да ги штеди од прашања! Не дава објаснувања, не прави пак некое чудо, а им наблега преку она што го преживеале да го искористат докрај нивниот разум, и така да можат да си дадат рачун со кого се сретнале (го имале со нив сопственикот на „пекарата“!) Пазете, ако не го беа разбрале не било поради тоа што биле сами и затоа што не располагаат со доволно елементи, а затоа што не го биле користеле доволно добро разумот. Навистина Исус им се покажа низ многу знаци кои ги биле виделе со неверојатни одговори и најнакрајот соодветни на срцето, на нивната и туѓа потреба на луѓето, во многу случаи дури и драматични, но тие уште не го биле познале кој бил, со ова распозна-

[36] Види Мр. 8, 19-21.

вање кое се вика вера и кое „разцветува на крајната граница на рационалната динамика како цвеќе на благодата, која човекот ја прифаќа со неговата слобода“.[37]

Христијанската вера не е познавањето на божественото, а на „божественото, присутно“ во човечкото, во Исус од Назарет, во Христос, а денес во тој знак на Христос кој е пријателство на тие што веруваат во него. „Настанот на Христос живее во историјата преку пријателството на верниците“;[38] „Исус Христос, оној Човек од пред две илијади години, се крие, присуствува под завесата, под видот на една различна човечност. Средбата, досегот е со една различна човечност“,[39] со една извонредна појава на различна човечност: човек се соочува со неа и ве изненадува новото предчуство за живот, нешто кое ја зголемува својата можност за увереност, за позитивност, надежта и полезноста во животот. На многу од нас може да им се има случено овој „налет“ без да е зрело

[37] L. Giussani, S. Alberto, J. Prades, *Generare tracce nella storia del mondo*, op. cit., pp. 45-46.

[38] *Ibidem*, p. 55.

[39] Л. Џусани, «Qualcosa che viene prima», *Tracce-Litterae communionis*, n. 10/2008, pp. 1-2.

тоа распознавање кое се нарекува вера, кое разцветува како благодат на крајната граница на рационалната динамика, содржајќи го оттука целиот напредок на разумот, на приврзаноста и на слободата на човекот. Оваа ситуација на принудена самоизолација имено доколку не подтикнува да не ја сфатиме како отплата човечката реалност на која наидовме може да биде добар повод за подсознателен и личен развој на овој напредок, за да ја дофатиме природата на настанот кое не затекна под фомата на една фасцинантна и убедителна човечка средба. Можеме да го искористиме моментот или да се оддадеме на жалење, како учениците во лотката.

*Така или инаку во оваа ситуација на принудена самоизолација останува фактот дека не можеме да ја споделиме болката, страдањето за блиските, или дека треба да ги оставиме во болницата ...*

Истото прашање ми го постави и една девојка од Мадрид за време на една средба со студентите со кои се сврзав преку видоконферентен разговор последната недела на март. Таа велеше: „Во овие де-

нови дедо ми е во болница, најверојатно ќе умре и во семејството имаме едно големо прашање, зошто не можеме да бидеме таму со него; не само што умира, а умира сам. Чуствувам дека сум безсилна и си велам: „Зошто не можам да сум со него? Зошто не можам да му права друштво баш сега?““. Очевидно е дека ситуацијата бара и до некоја степен наметнува жртва: тоа што би сакале да направиме не е возможно, забрането ни е. Но, прашањето е одново дали ситуацијата, така како што ни е „дадена“, т.е. во својата неизбежност – не можеме да ја отстраниме, да ја промениме, измениме, бидејќи највеќе во случаевите како овој би се погрижиле веднаш и благоразумно да го направиме – е гроб, абсолутна празнина, чисто уништување или е призив, место на еден тајнствен призив, начин по кој Тајната, која целата реално ја предпоставува, ме провоцира мене кон исполнување на животот, да одам кон судбината. Тоа е алтернативата.

Ако ја препознае релноста кон позивот, оваа девојка може да каже како што реално и кажа продолжувајќи го нејзиниот говор: „И оваа ситуација е за мене. И ова безсилие е за мене. И самотноста на

дедо ми во болницата е за него. Од мене се бара одговорност да го прифатам овој знак на Тајната, кој е ситуацијата, да го следам предизвикот на реалноста“. Замајно е, реков пред малку и е драматично. Тајната стана тело за да може човекот да ја издржи ова замајаност, да премине прку оваа драма и да ја прегрне. Оваа девојка тоа го докажа пред сите кои ја слушеа. Отговарањето со „да“ на ситуацијата стана одговор „да“ на Тајната, стана тело на овој Човек, Исус Христос кој умрел и воскреснал, присутен тука и сега – две илјади години подоцна – во телото на едно човечко пријателство, родена од Него, припознаена заради некои карактеристични белези на човечноста. „Вистинската вера“ – вели Џузани во 1972 г. во еден историски момент, наситен со неговите потешкотии си личи „по способноста да направиме инструмент и миг на зрелост“ она кое што ни „изгледа како приговор, прогон или така или инаку како тешкотија“.[40]

[40] Л. Џусани, «La lunga marcia della maturità», *Tracce-Litterae communionis*, n. 3/2008, p. 57.

*Значи кој е затворен меѓу четири ѕида е повикан да го преживее истото како оној кој е на прва линија?*

Срцевината на искуството не се менува. Станува збор за тоа да одговориме на реалноста, која не призива кон нејзината тајнствена задлабоченост, да го направиме имено преку ситуацијата која ни е дадена чекор кон нашата судбида, нашето исполнување, откривајќи што и кој ни помага да се држиме во оваа тензија. Си мислам сега за еден млад студент кој до пред неколку недели беше во центарот на виорот на односите, секогаш надвор, зафатен со илјада средби и иницијативи. Одеднаш владината наредба го принудува, како и сите нас да се самоизолира дома. Ден по ден, 24 часа во денот, во контакт само со своите родители. Наместо да го прифати тоа како несреќа тој ја искористи можноста, од предизвикот во предмалку споменатиот смисол. И по две недели ми напиша:

„Пред идејата да останеш дома ме беше обзел страв, бидејќи јас од дома од секогаш сум бегал, никогаш не ми е било комфортно. Но, потоа се подсетив за безценетото внимание кое што го добив овие години по средбите со некои луѓе од Движение-

то и за миговите во кои преку тој период успеав да застанам пред моите родители без да ги „судам“. И сфатив дека се случило кога во мојот ден го познав присутниот Христос: само во овие моменти бев слободен пред нив. Ја започнав оваа изолација мислејќи како што никогаш не сум го правел. Велев: „Те молам, Господи, дојди!“. Она што ме изненади е што започнав да забележувам дека недостатокот не е бил никогаш целосно во нив, а напротив беше најмногу во мене, затоа што гледав на нив според една совршена претстава, правев парагонала со други и ги дискредитирав. Во овие денови започнав да ги „гледам“, разбрав кои се. Досега секогаш бев против нив, мислејќи дека знам сѐ за нив така да дури не се ни обидував да започнам разговор, да поминам некое време со нив. Но, овие денови тие се моите пријатели во животот и ми се случуваат работи кои не сум ги ни мислел“.

Овој млад човек не можел да продолжи да се однесува со родителите според претставата за семејство која што ја имал, тесниот соживот – прифатено, живеано како призив – го подтикнал да си ги израмни сметките со нив, какви што навистина се и од тоа добил неговиот живот, ги видел

одма последиците од тоа. Рекол „да“ на предизвикот на реалноста и така направил неочекувани стапки.

Приемајки ја ситуацијата, стигнувајќи до крај во некои моменти – во кои сме „принудени“ по силата на работите – можеме да да напрвиме откритија кои бележат безповратна точка во нашиот живот. Тоа го сведочеше скоро и една млада студентка која на една друга средба преку видеоразговор велеше:

„Пред неколку недели, по неколку години боледување умре мајка ми. Точно една недела по погребот се најдов затворена дома и сама. Моите браќа живеат во странство, а татко ми излегува од дома во 6:30 сабајле, за да отиде на работа во болницата и се враќа во 20:30 вечерта. Деновиве самотноста, која не можам да кажам дека беше со многу ангажименти, разбирам како ова ситуација и состојба можат да бидат привилегија. За да не го губам целиот ден, сум принудена да се запрашам веднаш штом отворам очи од што точно имам потреба. Од неколку пријатели кои сакам да ми прават друштво и да ме натерат да разберам што преживуваат. Освен тоа, ова состојба не ми дозволува ни да се разсејам од смрта на мама, а напротив дури едно „не знам

како“ занимавање во домакинството ми ги навраќа спомените за неа, за нејзинте гестови и зборови, 24 часа во денот. Сепак во болката која ја забележав дека се зголемува се повеќе и повеќе со секој изминат ден разбирам дека мама макар и по различен начин од пред тоа, присуствува во мојот живот, ме тера да се раздвижам во и така еднаквите денови. Дејствува точно како со мојот дечко, кој физички не е до мене, но го има, некаде на километри далеку ја живее и тој карантината и само фактот дека него го има и се сеќавам за него преку денот ме тера да се размрдам. Животот кој е во мене се роди по смрта на мајка ми – ја поминувам оваа самотност правејќи го просто тоа што треба да го направам на позадината на спокојството кое не успева да си го објаснам – ме тера да кажам, макар и со разтреперени нозе дека Исус прави навистина така животот да ја победи смртта. Деновиве во мене има огромна благодарност за сè што ми се случи. Во исто време расте во мене и една болка затоа што мојот татко се враќа натажен од болницата, со безкрајна носталгија по мама и нашата вечер минува секогаш во тишина. Мојата безсила ме прави тажна, се прашувам што се бара од мене во оваа ситуација, што навистина зна-

чи „да поднесеш“ едно перење на алишта кои треба да ги пуштиш во пералната или една страница која треба да ја научиш“.

Каков принос може да даде оваа девојка на својот татко кога тој се враќа дома касно навечер и уморен и без желба да зборува? Имено патот по кој оди, самосознанието и сознанието за тоа што ја тера да живее, кое никнува во неа, нејзиното лице бележано со благодарност.

*Наскоро во едно писмо до твоите пријатели од Comunione e liberazione, точно во врска со ситуацијата настаната од Корона вирусот ти напиша: „Да го разпознаеш Христос и нашето „да“ на Него дури и во изолација во која секој од нас би можел да биде принуден да седи е веќе принос кон спасението на секој човек денес пред секој оправдан повод да бидеме во друштво кое исто така треба да го имаме како цел и во рамките на дозволеното“. Може ли да те помолам да објасниш што точно мислеше?*

Сакав да кажам дека најголемиот допринос кој го даваме на светот е нашето „да“ на призивот на Тајната, нашето „да“ на

Христос, верата, а не пред сè на тоа што успеваме да направиме. Навистина дури кога правиме – како оние кои во овие денови се наоѓат на прва линија – нашиот најголем допринос останува тоа „да“ затоа што тоа – колку повистински е живеано – го променува самиот начин да го правиме ова што го правиме, и го прави уште пополезно за нашите браќа луѓето. Нека да е јасно нема никаква спротивност помеѓу верата и делото, а напротив: верата е тоа што го основа делото во неговата полност и нескротливост, таа е коренот на ова дело кое ја добива – по благодат – формата на љубов кон ближниот, на безусловна потврда на доброто во другиот кое ќе се покаже според разнообразноста на случаите. Најоригиналниот допринос кој што можеме да го дадеме на светот е нашето разпознавање на Христос, нашето „да“ на Него независно дали се работи за да се дејствува или се наоѓаме во неможност да дејствуваме. За време на Велигденскиот пост во 2006г. Бенедик XVI го изрази тоа со зборовите кои сите ги памтиме: „Дури денес во времето на глобалната меѓузависност можеме да констатираме дека никој економски, социален или политички проект не може да го замени тоа дарување на себе-

си на другиот во кое се изразува љубовта кон ближниот. Оној кој делува според оваа евангелска логика ја живее неговата вера како пријателство со воплотениот Бог и како Него се ангажира со материјалните и духовните потреби на ближниот. Гледа на него како неизмерна тајна, достоен за безкрајна грижа и внимание. Знае дека оној кој не дава Бог, дава многу малко како што велеше и блажената Тереза од Калкута: „Основната бедност на народите е што не го познаваат на Христос“. Затоа е потребно да ги натераме другите да го откријат Бог во милостивто лице на Христос: без оваа преспектива една цивилизација не може се изгради врз здрави темели“.[41]

Ситуацијата која многумина ја преживуваат на изолација и принудено безделие може да биде повод да разбереме дека верата што ја живееме е основниот придонес кој како христијани можеме да го дадеме на другите: затоа што, ако во нашето искуство да правиме друштво – следен во рамките кои денес ни се поставени – не проѕира Христос, нашето „да“ на Христос, би му дале на другиот „многу малку“,

[41] Бенедикт XVI, *Порака за Велигденскиот пост 2006 г*.

не би му го дале она најбитното. Затоа, дури и во изолацијата во која секој од нас би можел да биде принуден да седи, нашето „да“ на Христос е веќе придонес кон спасението на секој човек денес, пред секој оправдан повод да бидеме во друштво, бидувајќи нејзин центар.

*Тоа ја подкопува (разронува) претставата која обично имаме за нашиот придонес кон светот, за доброто на луѓето започнувајќи од најблиските. Тоа е причината поради која многумина се чувствуваат малку непотребни. Накусо немајќи можноста да „дејствуваме“ е демотивирачко ...*

Сѐ си мислам за фактот дека Малата Света Тереза на Детето Исус, клаузурна часна сестра, умрела многу млада, била прогласена од Црквата за покровителка на мисиите. Како е можно? Што вели Црквата за неа? Дека нејзиното „да“ – сокриено, без дело според менталитето на светот – совпаднува со доброто на светот. Разбирам дека тоа ја разрушува представата која обично ја имаме за придонесот кој треба да го даваме на другите. Како е можно едно

девојче, кое никогаш не излегувало од манастирот да биде посочено од Црквата како најголема мисионерка, покровителка на мисиите? Изгледа абсурдно. Но, оној одговор „да“ на оваа мала калуѓерка имало моќно значење за светот. Да помислиме дури само за тоа колку луѓе се промениле преку нејзината вера, од нејзиното животно сведочење, директно или индиректно. Како што често повторувам одговорот „да“ на Богородица кажан во енигматичната темнина на нејзината ситуација бил најголемиот придонес за животот на светот и на секој човек, како што е за нас одговорот „да“ на дон Џузани и многу други.

Овие денови ја прочитав книгата *Ван Туан Слободен зад решетките* од Тереза Гутиерес де Кабиедес,[42] кој ја разкажува историјата на еден голем сведок на верата, еден живот потрошен во доследно и херојско прифаќање на сопствениот призив како што вели за него папа Иван Павле II. Во 1975г. Франсоа Ксавие Нгуејн Ван Туан малку по неговото назначување за помошен архиепископ на Сајгон (Хоши-

[42] T. Gutiérrez de Cabiedes, *Van Thuan. Libero tra le sbarre*, Citta Nuova, Roma 2018.

мин, Виетнам) бил обвинет во предавство и уапсен: „Нгуејн Ван Туан […] те доведовме овде затоа што си предизвикал проблеми на владата на суверениот народ на Виетнам. Обвинет си во империјалистичка пропаганда и дека си шпион да странски држави“. Поминал 13 години во затвор, од кои 9 во самица. Останав импресиониран од тоа како ја поминал таа ситуација. Затворен во морничав затвор и тој се прашувал со што може да биде полезен неговиот живот: „Зошто ми е животот штом неможам да ја исполнам мојата мисија за која сум роден?“ Затоа „истоштен на земјата одново почнал да го моли на Бога, молејќи го да го ослободи. […] „Ги оставив моите сираци, моите бедни, моето семејство. […] И сега? Каков е смисолот да се нервирам овде како некоја бубачка?“““. Сѐ му изгледало безполезно, но Тајната пазела за него едно изненадување. Во внатрешниот дијалог со Бог го слушнува гласот кој му вели: „Она што ти го направи е големо. […] Се жалиш дека не можеш да работиш за Мене. Зошто не ги оставиш на мене твоите планови? Ме сакаш мене или делата што ги вршиш за мене? […] Се грижиш повеќе за твоите родители затоа што ги сакаш. А колку повеќе сакам јас да им

помогнам! Имај ми доверба! Јас ќе се погрижам за твоите дела надвор“.[43]

Резултатот од неговото „да“ тој го видел со времето затоа што во почетокот со сигурност не може да си замисли што плод ќе даде тоа негово дарување. Едвај кога прифатил да го помине таинствениот пат кој се појавил пред него го видел изненадувањето дека сите што ги среќавал во затворот почнале да се променуваат. Особено стражарите што го чувале. Да не заборавиме дека службениците постојано ги сменувале, затоа што не можеле да ги сочуват од „заразата“, не успевале да избегнат од тоа дека луѓето кои стапувале во контакт со Ван Туан се променувале. „Сите сакат да ја делат собата со тебе“, му викал оној кој го држел затворот, „но нема да дозволам да ги заразиш на сите мои затворници“.[44] Понекогаш ова разцутување е очевидно за нашите очи, понекогаш не, но тоа не значи дека она „да“ на Тајната не дава резултат во сегашноста.

Она што најмногу ме порази е моментот во кој Ван Туан се прашува зошто Тајната

[43] *Пак таму*, рр. 9-10, 67-69.

[44] *Пак таму*, р. 187.

дозволува тој да мине низ оваа ситуација. Тоа било истото прашање што и чуварите го прашувале кои немале објаснување зошто е упорен со неговото поведение кога, ако се покае дека ја „предал“ татковината ќе биде ослободен и би можел да има светла иднина. Колку повеќе сме предизвикани од ситуации, толку повеќе прашањето „зошто“ изелгува на површина. На последното прашање на таа тема, кој му бил зададен од оние што сакале да биде во затворот тој одговорил дека имал доволно време да размислува дали е грешка да биде упорен со неговото поведени т.е. тоа да се довери на панот на некој друг и додава дека колку повеќе мисли за тоа, толку посреќен се чуствува бидејќи добил, бидејќи ја видел како цвети во него слободата преку ова испитување со заробеништвото.

Резултатот, придонесот за доброто на светот е раѓањето на слободни лица со слобода преку испитувањето на секаков вид заробеништво. Тоа е нешто кое ќе се случи само во вечноста, но може да се открие уште и во сегашноста – разцветува една незамислива слобода која е сведочење пред сите: „Но како? Ти го направивме животот невозможен...“ му велат. А

Ван Туан вели: „Како да не викам од радост кога гледам дека некој ми дава љубов, која ја уништува омразата и злобата?“.[45] На него исто му изгледало невозможно некои да го терат така да цвета, да го направата така слободен затоа што цветањето се случува по план и време кои не се наши и ако човек го прифати, резултатот стигнува надвор од секаков вид на очекувања.

Кој знае како ние, принудени да останеме дома за да ја избегнеме заразата и си ги разчистуваме сметките со ситуацијата во која живееме! Се задушуваме ли како да немаме излез или се фаќаме дека сме послободни?

*Од сето тоа низ кое поминуваме, што ќе остане кога вонредната состојба ќе помине?*

Некој напиша дека од големата пандемија ќе излеземе променети. Јас би сакал да додадам: ќе излеземе променети, но само ако започнеме со промената сега т.е. ако сфатиме што се случува, ако сме присутни во сегашноста и се научиме сега да го цени-

[45] *Пак таму*, p. 322

ме тоа што го живееме затворени во нашите домови или ангажирани на прва линија да се бориме со заразата. Промената не се случува од едноставно собирање на удари, нстани и впечатоци од работите што ни се случуваат, а од разбирање на смислата за тоа што ни се случува т.е. како добивање на знаење. Затоа нашата промена не може да биде механична. Од оваа ситуација ќе излеземе променети, ако сега навлеземе подлабоко, преку провокациите кои реалноста ни ги дава, да сфатиме кои сме и за што заслужува да живееме, што ни дозволува да не бидеме смачкани. Често ја цитирам фразаната на Бенедикт:

„Прогресот што расте е можен само во материјалната сфера. Овде во зголемените знаења на структурите на материјата и соодветно со иновациите што напредуват има јасна непрекинатост на прогресот кон се поголемото овладување на природата. Но, во областа на моралното сознание и моралното решение нема таков непрестанет процес по едноставна причина што слободата на човекот е секогаш нова и треба секогаш одново и одново да ги зима своите решенија. Тие никогаш не биле зимани од други луѓе наместо од нас – во таков случај немаше да бидеме слободни.

Слободата предполага дека во основните решенија на секој човек, на секое поколение, има нов почеток“.[46]

Тоа значи дека ако не свикнеме да го цениме тоа што го живееме овие денови на обавезна изолација или ангажимент во борбата со вирусот ќе загубиме сè. На тоа наблегнува Паоло Џордано: „Еден месец одкога незамисливото влезе во нашиот живот [...] Но, во еден момент ќе заврши. [...] Додека ние, разсејани, ќе имаме само желба да се ослободиме од сè. Големиот мрак што не напуштува. Почетокот на заборавот. Освен ако не се осмелиме да помислиме сега.[...] Да го замислиме она „потоа“ започнувајќи од сега. Да избегнеме незамисливото да не најде уште еднаш неподготвени“.[47]

Станува збор за преиспитот што треба да го направиме во секојдневниот пат од самото разбудување до легнувањето вечер. Одново Џордано пишува: „Решив да ја пополнам оваа празнина со пишување [...]: не сакам да го пропуштам тоа што епидемијата ни го открива на нас сами-

[46] Бенедикт XVI, *Spe salvi*, 24.

[47] Весник *Corriere della Sera*, 21 март 2020 г.

те. Откако ќе го преодолееме стравот секоја крилеста сознателност ќе исчезне за миг“, но „некои размислувања, што заразата ги предизвикува сега ќе бидат уште во сила“.[48] Сигурно е дека без да работиме на себе се ќе исчезне и ќе се вратиме кон обичајните нешта без да сме научиле ништо од ова нетипична и макотрпна ситуација. Но, оваа работа само ние можеме да ја решиме и да ја направиме: тоа е единственото нешто на кое никој декрет или правло нема да може да не принуди. На оваа ниво нема ништо механично. Затоа нека да одлучиме! Тоа е работа која сака внимание, која по разум и слобода треба да бидат секогаш будни, готови да го фата моментот кој поминува. Во противен случај жртвата и макатата ќе остават просто место на заборав. Тоа добро го разбира Еуџенио Борнја како познавач на човечката душа: „Многу лесно, откако ќе помине опасноста, во луѓето се наметнува заборавот. Но, ќе има и такви, не знам колку, кои ова време на болка ќе ја искористат ситуацијата за да бидат повнимателни, за да се чујат самите и другите подлабоко. Да, некои

[48] Весник *Corriere delle Sera*, 24 март 2020 г.

од нас по ова тешко изпитување ќе се родат одново – способни за нова надеж“.[49]

*Но, во меѓувреме пандемијата продолжува. На овој етап очевидно е за сите дека не станува забор за преоден феномен.*

Овде се појавува скапоценоста на времето кое ја става на проверка нашата позиција спрема работите, нашите начини да се соочиме со животот, односите, ситуациите. Кога реалноста не се превиткува пред нашите очекувања, стратегии, иницијативи, доаѓа на виделина солидноста или несолидноста на луѓето и на багажот од убедувања кои ги носиме во себе независно дали се светски или реглигиозни.

*Од почетоко сме сведоци на многу колебања во преценката и справувањето со епидемијата. Како е можно да е толку тешко да тргнеме по адекватниот пат?*

Ги немам инструментите за да одговорам по темата. Ќе се ограничам со тоа

[49] Весник *Avvenire*, 25 март 2020 г.

што можам да го констатирам во сферата на моето искуство и кое важи за мене. Има едно тврдење на Г.К. Честартан што го сметам за разоружувачко: „Не е проблем што денешните мудреци не можат да најдат одговор, а што не можат и да го формулират прашањето“.[50] Условот да го видиш одговорот е да ја видиш загатката. А тоа вклучува одредено држење кон реалноста, тоа да ги оставиме да бидат интерпретирани од неа, задоволувајќи ги нејзините предлози, готови да ги преразгледаме идеите и плановите и да се учиме од сите што можат да ни помогнат. Воопшто, тоа е проблем на погледот кон реалноста кој влијае на секој од нас. И исто на слобода од сопствените грешки и од спектарот на профитот (на ефектот што сакаме да го имаме во другите). Така може побрзо да се закрепне од паѓањето, од неуспехот, од загубувањето, имајќи го како единствено кормило на курсот стремежот за доброто на сите, ништо друго.

[50] G.K. Chesterton, *Ortodossia*, Edizioni Martello, Milano 1988 г, p. 49.

*Ако ми дозволите: што ти дава најмногу сила во овие денови?*

Често ја чуствувам ползата од тоа да не бегам од еден предизвик, а животот не ме поштедил од нив. Затоа се соочив и со тоа целсоно стремејќи се да откријам што може да излезе од овој предизвик кој секој ден се откриваше сѐ повеќе во реални пропорции. Не можев да застанам пред сето она што ми се случуваше без да бидам поразен од воодушевеноста од Присутноста која доминира во мојот живот. И пред ранливоста која стануваше сѐ поочигледна во сите свои различни аспекти, растеше сѐ повеќе во мене прашањето: „Што е тоа човек, та се сеќаваш на него, или синот човечки, па го посетуваш?“.[51]

Имено тоа Присуство, тоа „Ти“ кое го формира погледот врз предизвикот со кое зедно со сите треба да се соочат дозволувајќи ми машки да го преживеам оваа замајаност кое што тоа го поредизвикува, без да бегам од драмата, од болката, од смртта која гледам да зема замав околу мене и оттука да дава одраз во мене. Се обидувам да го живеам сето ова како по-

[51] Пс. 8, 4.

вод за проверка на верата. Оставувајќи се да бидам затрупан од прашања што оваа ситуација ги задава, затекнувам во мене – изненаден – светлина за да се соочам со нив, чуствувам како целиот разум на пристапот кој мојата вера ми го сугерира.

Исус зема сѐ на срце од мојата човечност и од она на другите. Рзбрав уште повеќе од каде му дошло на св. Павле онаа цврста увереност постигната, имено затоа што не го поштедило: „Кој ќе нѐ одвои од љубовта Божја; тага ли, неволја ли, или гонење, глад ли, или голотија, опасност ли или меч? […] Но во сето ова победуваме преку Оној, Кој нѐ возљуби. Оти сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни сегашнината, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак, некоја друга твар ќе може да нѐ оддели од љубовта Божја во Христа Исуса, нашиот Господ“.[52]

Луѓе кои живеат од онаа увереност со надж за сите – така, како што се за мене овие денови – дури за оние кои се чуствуват слаби пред предизвикот на вирусот и се далеку од верата на св. Павле. Таквите луѓе можат ја запалат желбата да ја имаш

[52] Рим 8, 35-39.

таа вера молејќи за неа преку секој мал или голем херојски секојдневен гест.

Кој не би ја сакал за себе таа увереност? Уште повеќе доколку уште не знаеме како ќе излеземе, не само од здравствен аспект на предизвикот, но и од сите други последици кои предвидливо не очекуваат. Само со една таква увереност ќе можеме навистина да не останеме глуви за призивот на ситуацијата и да не ја пропуштиме можноста да станеме повеќе себе си и оттука пополезни за останатите.